# Зошто не бива да му посакуваме зло на другиот

*Беседи на свети Јован Златоуст*
*за борбата со страстите*

С К О П Ј Е
2008.

*Наслов на изворникот:*
***Почему нельзя желать зла другим***
*Беседы святителя Иоанна Златоустого*
*о борьбе со страстями*
*«Ковчег»*
*Москва - 2005*

*Издавач:*
*списание ПРАВОСЛАВЕН ПАТ*

*За издавачот:*
*Методиј*
*Митрополит Американско-канадски*

*Превод од руски и белешки кон текст:*
*Презвитер Игор Калпаковски*

# **Содржина**


- Зошто е неопходно да им се попречува влезот на страстите во душата
- Најдобро средство за исправање на своите пороци е – да ги испитуваме
- Како да се бориме со зависта
- Како да се бориме со суетата
- Како да се бориме со гневот
- Зошто не бива да му посакуваме зло на другиот
- Како се измиваат гревовите
- Во што се состои жртвата на христијанинот
- Секој грев се очистува со милостиња

## *Зошто е неопходно да им се попречува влезот на страстите во душата*

*(Од 86. беседа на Евангелието од Матеј)*

Лоша, многу лоша работа е да им се предава човек на лошите страсти, па затоа треба на секој начин да ги одбиваме и да им браниме да влезат во нас. Кога страстите ќе ја зафатат душата и ќе почнат да ја владеат, тие, како оган што паѓа врз суви дрва, разгоруваат во неа страшен пламен. Затоа ве молам, употребете сè, за да им го попречите влезот, и не му оставајте простор на никакво зло, смирувајќи си ја совеста со вакво размислување: што има врска ова или она? – кое што е погубно за душата. Зашто токму од таму се раѓаат безброј видови зла. Подмолниот ѓавол употребува големи лукавства, кога треба присилува а кога треба попушта за да го погуби човекот, и своето дејствување го започнува со нешто малечко. Погледни: тој сакал да го доведе Саул[1] до тоа да отиде да го

---

1 *Саул* – првиот цар на Евреите. Историјата на цар Саул е изложена во Стариот Завет од Библијата, во *Прва книга Царства*. Тој бил избран од Бога и помазан со елеј (со помазувањето со елеј=масло се предавала Божјата благодат) од пророкот Самуил, кој е воедно и последниот судија меѓу избраниот еврејски народ и со кого завршува т. н. *период на судиите* во старозаветната историја на Евреите. Во почетокот Саул Му бил верен на Бога и покажувал особена ревност која, меѓу другото, се изразувала и преку тоа што ги прогонувал и протерувал од својата земја бајачите и гатачите, кои не Му биле мили на Бога и нивното дејствување било во спротивност со верата во Едниот Бог. Но подоцна почнал на се оддалечува од Бога, за во

слуша брборењето на маѓепсницата. Ако тој веднаш почнел да му го сугерира тоа на Саул, Саул не би го послушал. Навистина, како би послушал нешто такво тој што самиот ги истребувал маѓепсништвата? Затоа тој незабележливо и малку по малку го доведува до тоа. Првин, Саул не го послушал Самуила и во негово отсуство се дрзнал да принесе сепаленица,[2] а кога бил обвинет за тоа, одговара дека бил присилен на тоа зашто бил притиснат од непријателите; значи, и тогаш кога би требало да му е жал, останал спокоен, како ништо да не направил. Потоа, Бог заповедал да бидат истребени амаличаните,[3] но тој ни тоа не го исполнил. Понатаму следувале неговите зли намисли кон Давид[4] – па така, незабележливо и малку по малку лизнувајќи се, тој веќе не можел да застане, додека најпосле не пропаднал во бездната на погибелта.

Истото се случило и со Каин. Ѓаволот не го навел одеднаш на тоа да си го убие братот, зашто не би ни успеал да

своето отстапништво и очајание да прибегне кон гледачка (жена маѓепсница).

2 *сепаленица* – во Стариот Завет биле принесувани крвни жртви (добиток, птици, итн.), од кои еден вид била сепаленицата. Се разликувала од другите жртви според тоа што на жртвеникот било изгорувано целото месо од жртвата, а пепелта се развејувала.

3 *амаличани* – народ спомнат во Стариот Завет како непријатели на Евреите.

4 *Давид* – пророк и цар, врз кого Бог ја излева благодатта Своја откако ќе го напушти Саул. Поради омиленоста на Давид меѓу народот, како и поради тоа што насетувал дека Давид носи особен благослов врз себе, Саул почнува да го гони за да го убие, доживувајќи го како свој непријател и претендент на престолот. Давид и навистина го заменува Саул на престолот. Неговата историја е опишана во *Прва*, *Втора* и *Трета книга Царства*.

го убеди да го направи тоа, туку првин го наведува на тоа како жртва да го принесе полошото,[5] вложувајќи му во душата чувство дека тоа не е никаков грев. Како второ, разгорува во него омраза и завист, убедувајќи го дека и тоа не е ништо. Како трето, го убедил да си го убие братот и да се затвори пред Бога во гнасното убиство.[6] И не го оставил, сè додека не го довел до крајното зло.

Според тоа, злото треба да го отфрламе уште од почеток. Дури и ако првите престапи не повлекуваат по себе понатамошни престапи, и тогаш тие не треба да се потценуваат, зашто тие доведуваат до поголемо зло кога душата е мрзелива. Значи, неопходно е да се употребуваат сите можни средства за да се истребат пороците уште на самиот почеток. Не гледај на тоа дека гревот сам по себе е малечок, туку памети дека тој станува корен на големо зло, кога не му обрнуваме внимание и не работиме на тоа да се ослободиме од него.

Дали да ти кажам нешто што е навистина зачудувачко? Поголемите гревови не бараат толку грижа и труд колку малечките и незначителните. Самата специфика на гревот нè тера да ги одбегнуваме поголемите гревови, додека малечките, со самото тоа што се малечки, нè расположуваат кон мрзеливост и не ни дозволуваат смело да се зафатиме со тоа да ги истребиме. Затоа тие бргу стануваат големи, ако сме успани.

---

5 Се мисли на Каиновата одлука да Му „подметне” на Бога жртва не од најдобрите, туку од полошите плодови, со што се укажува на почетокот на лукавиот однос на Каин кон Бога.

6 *да се затвори пред Бога* – да остане непокајан, односно со луда надеж дека и без покајание работата некако ќе се поправи.

Тоа обично се случува и со телото. Така и кај Јуда[7] се родило она големо зло. Да не мислел дека не е важно што краде од имотот на сиромашните, тој сигурно не би попаднал во гревот на предавството. Исто така, да не сметале јудејците дека не е важно што се заробеници на суетата, не би дошло до убиството на Христос. Па и секое друго зло обично се извршува на тој начин. Знаеме дека никој не станува нечесен брзо и одеднаш. Несомнено е дека во нашата душа постои некој вроден срам од гревот и почит кон доброто, па душата не може во еден миг да дојде до таква бесрамност да отфрли сѐ одеднаш. Напротив, до конечната погибел таа слегува незабележливо, малку по малку, кога ќе стане мрзелива и нема да работи на себе. Така и идолопоклонството влегло во светот, кога се почнало со тоа прекумерно да се почитуваат луѓе, како живи, така и умрени. На истиот начин луѓето почнале да им се поклонуваат на извајаните ликови (статуи). Така, најпосле, се засилиле блудот и другите пороци. Забележи исто така: некој се насмеал неумесно, другиот му забележал за тоа; друг го отфрлил стравот, велејќи: тоа не е ништо. Што има врска што се насмеал? Што лошо може да излезе од тоа? Но, од тоа излегуваат празни разговори, од таму излегува срамното зборување, а потоа и срамните постапки. Некој друг, кога му забележуваат што му се потсмева на својот ближен, се смее и зборува лошо, го презира тоа и вели дека да се зборува лошо за другиот уште ништо не значи. А всушност, од таму се раѓа неизмерната завист, непомирливото

7 *Јуда* – Христовиот предавник, кој инаку бил задолжен да го чува ковчежето со прилозите за сиромашните од кое, како што сведочи светиот апостол и евангелист Јован, потајно крадел (Јован 12:6).

непријателство, бескрајните приговарања; а од приговорите – тепачките; а во тепачките често се доаѓа и до убиство.

И така, оној лукав демон од малечкото го доведува човекот до поголемото, а од поголемото до очајот, изнаоѓајќи така еден друг начин, не помалку погубен. Навистина, не убива, не погубува толку гревот, колку очајот. Оној што згрешил, ако остане енергичен, преку покајание набргу ќе ја поправи својата постапка; а кој очајува и не се кае, останува без поправка токму затоа што не го употребил покајанието како лек.

## *Најдобро средство за исправање на своите пороци е – да ги испитуваме*

*(Од 34. беседа на Евангелието од Јован)*

Ве молам – и никој да не ги видел нашите дела, секој од нас да се сврти кон својата совест, својот разум да го постави како судија над себе самиот и да ги открие пред него своите гревови. Зашто, ако не сакаме да бидеме посрамени во оној страшен ден,[8] тогаш да ги залечиме нашите рани, да го ставиме врз нив лекот на покајанието. Зашто е можно, навистина е можно човек да оздрави, па и ако има илјадници рани: *Бидејќи,*

8 *Страшен ден* – денот на судот над сето создание. Православната христијанска вера учи дека на крајот од времињата Христос повторно ќе дојде „да им суди на живите и мртвите” (*Символ на верата*) како непоткуплив Судија, значи, не според човечките сведочења, туку според објективната божествена правда. Таквиот суд навистина ќе биде страшен за оние кои нема да можат вистински да се оправдаат.

кажано е, *ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен; ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите* (Мат. 6: 14-15).

Како што со крштавањето потопените во вода гревови исчезнуваат, така и овие ќе бидат поништени, ако посакаме да се покаеме. А покајанието се состои од тоа – да не го правиме повеќе истото. Тој, пак, што се зафаќа со поранешните работи личи на пес кој се враќа на својата повраќаница (в. 2. Петр. 2: 22) и на човек кој, како што вели поговорката, фрла бензин на огнот и црпи вода со цедилка.

Треба и на дело и со мисла да се тргаме од скриените гревовни желби. И тргајќи се од овие, врз раните да ставаме мелеми спротивни на гревовите.

Ќе кажам неколку примери:

Крадец си и лихвар? – Остави го крадењето и стави милостиња врз раната.

Си блудничел? – Остави го блудот и врз таа рана стави чедност (целомудрие).

Си рекол нешто лошо за ближниот и си му наштетил? – Престани со лошото зборување, додај дружељубивост.

Да почнеме така да правиме со секој наш грев и ниту еден од нив да не го оставаме без внимание. Настапува веќе, настапува времето за отчет. Затоа и Павле говори: *Господ е близу! За ништо не грижете се* (Филип. 4: 5-6). Но ние, можеби, треба да го кажеме спротивното: Господ е близу, грижете се.

Прикладно било да им се рече на филипјаните:[9] За ништо не грижете се, зашто тие биле во маки, напори и подвизи. А на тие кои живеат во грабеж, сластољубие, кои ќе треба за тоа да дадат тежок отчет – еве што со право ќе им биде речено: Господ е близу, грижете се.

Не останува уште многу време до крајот, светот веќе се движи кон својот крај. Тоа го покажуваат војните, маките, земјотресите, оладувањето на љубовта. Како што телото при последното издивнување, кога е близу до смртта, паѓа во безброј болести, како што во куќата, што е пред уривање, обично многу работи паѓаат од покривот и од ѕидовите, така е близу, пред вратите е крајот на вселената, и затоа насекаде се распространуваат безброј беди.[10] И ако Господ бил близу уште тогаш, тогаш е уште поблизу сега... Навистина, од каде знаеш, човеку, дека крајот на светот сè уште не е близу и дека кажаното нема да се случи набргу? Ние не го нарекуваме крај на годината само нејзиниот последен ден, туку и последниот месец, иако тој има триесет и еден ден, така што јас нема да згрешам ако, броејќи ги така годините, ја наречам крај четиристотата година.[11] На ист начин апостолот уште во своето време претскажувал за крајот.[12] Туку, да се смириме и да живееме во страв Божји. А

9 *филипјани* – жители на стариот град Филипи, кој се наоѓал во егејскиот дел од Македонија, денес Грција.

10 Православната христијанска вера учи дека овој свет и целата вселена ќе имаат крај и дека потоа ќе се преобразат во *ново небо и нова земја* (Откр. 21:1; 2. Петр. 3:13).

11 Се мисли на крајот на IV век по Христа, во кој век живеел авторот на овие редови свети Јован Златоуст.

12 *апостолот* – апостол Павле, кој во своите посланија, во I век по Христа, зборува за крајот на светот и сета вселена.

ако живееме во негрижа, во неработење и не очекуваме ништо, тогаш Доаѓањето[13] ќе настапи ненадејно. Објаснувајќи го тоа, Христос рекол: *како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки* (Мат. 24:37). Истото го забележува и Павле, кога говори: *кога ќе речат: 'Мир и безопасност!', тогаш ненадејно ќе ги стигне погибел, како што ја напаѓаат родилни маки секоја непразна жена, и нема да избегнат* (1. Сол. 5:3). Што значи тоа: *како што ја напаѓаат родилни маки секоја непразна жена?* Чест случај е бремените жени додека се забавуваат, или за време на јадење, или дури се на бања, или на плоштад, без да очекуваат, наеднаш да ги фатат родилни болки. А со оглед на тоа што и нашата состојба е таква, да бидеме постојано подготвени. Зашто нема постојано да слушаме за тоа, нема постојано да ја имаме таа можност:[14] *во гробот*, вели Писмото, *кој ќе Те слави Тебе* (Псал. 6:6)? Туку, да се покаеме овде, па на тој начин да Го смилостивиме Бога во идниот ден и да добиеме од Него прошка, за што и да се удостоиме сите ние, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, Кому слава и власт во вековите на вековите. Амин.

## *Како да се бориме со зависта*

*(Од беседите на Евангелието од Јован)*

Зависта е страшно зло и полна со лицемерие. Таа ја има исполнето вселената со безброј беди. Од таа болест судовите

13 Второто Христово доаѓање како Судија на светот.

14 Светителот упатува на тоа дека сегашноста за нас е време за поправање, како и дека сегашноста е единствената наша можност.

се полни со обвинети. Од неа произлегува страста за слава и стекнување.[15] Од неа се властољубието и гордоста. Поради неа по патиштата има престапници и разбојници, а по морињата крадци. Оттука се убиствата во светот, оттука разделбите во нашиот род. Кое зло и да го видиш, знај дека произлегува од зависта. Таа навлегла и во Црквата. Таа уште од дамнешните времиња била причина за многубројни зла. Таа ја родила љубовта кон парите (среброљубието). Таа болест изопачила сè и ја расипала правдата. *Гозбите и подароците*, речено е, *ги заслепуваат очите на мудрите; како узда во устата – ги сопираат изобличувањата* (Мудр. Сир. 20:29). Таа и слободните ги претвора во робови. За неа ние секој ден беседиме, но нема никаква полза. Се покажуваме полоши од ѕверовите, ги крадеме сиротите, грабаме од вдовиците, ги навредуваме бедните, на лошото му додаваме полошо. *Нема веќе милосрдни по земјата* (Мих. 7:2).

Ова време сега и за нас е време за плачење или, подобро кажано, секој ден треба да си ги кажуваме овие зборови. Ништо не постигнуваме со молби, ништо со совети и убедувања. Затоа останува само да се плаче. Така и Христос постапил: кога ерусалимјаните не ги искористиле многуте Негови убедувања, Тој плачел поради нивната ослепеност.

Така постапуваат и пророците. Така и ние сега треба да постапиме. Сега е време за плачење, солзи и тагување.

И ние сега со време треба да речеме: *побарајте и повикајте да дојдат тажачки* (Јерем. 9:17). Можеби, преку тоа ќе

15 *страст за стекнување* – пред сè, за стекнување на материјални добра: пари, движен и недвижен имот, итн.

можеме да ги исцелиме од болеста оние што преку грабеж си градат светли домови и стекнуваат земјишта.

Време ни е да плачеме. Но и вие, ограбени и навредени, земете учество во мојот плач. На својот плач додајте му ги и моите солзи. Но да не плачеме за самите себе, туку за нив: тие не ве навредиле вас, туку себе си се погубиле. Вие за навредата ќе го добиете царството небесно,[16] а тие за неправедно стекнатото геената.[17] Според тоа, подобро е да бидеш навреден, отколку да навредуваш. Да плачеме за нив, но не со човечки плач, туку со плачот на Свештеното Писмо, со кој плачеле и пророците. Да заплачеме горко заедно со Исаија, и да речеме: *Тешко ви вам, што притурате куќа кон куќа, што присоединувате нива кон нива, така што за другите да не останува место, како да сте само вие населени на земјата! Во ушите мои – Господ Саваот рече: – тие многубројни домови ќе бидат пусти, тие големи и убави куќи ќе бидат без жители* (Иса. 5:8-9). Да заплачеме заедно со Наума и заедно со него да речеме: *тешко на оној што го ѕида домот свој на височина!* Или, уште подобро, да плачеме за нив така како што плачеше Самиот Христос за живите

---

16 *царство небесно* – државата Божја, како што вели блажени Августин, како светла, благословена и вечна реалност што ќе ја наследат, по Општиот суд, тие што се покажало дека се достојни за неа, а која реалност, како што Христос многу пати кажува, се насетува, но и возможно е делумно да се оствари уште во овој свет и живот.

17 *геена* – мрачната, неблагословена и вечна реалност на нељубовното мислење и живеење, која исто така делумно се остварува уште во овој свет и живот, како наследство на оние што овде и сега не се утврдувале во доброто преку стекнување и остварување на добродетелите, туку им повладувале и ги продлабочувале своите страсти, истовремено правејќи му зло на ближниот и на целото создание.

во она време, велејќи: *тешко вам, богати, зашто веќе сте ја примиле својата утеха* (Лука 6:24)!

Затоа, ве молам, да плачеме без престан и ние. А ако не е неприлично, дури и да се удираме в гради поради негрижата на браќата и сестрите. Да не го оплакуваме тој што веќе умрел, туку да го оплакуваме крадецот, користољубецот, среброљубецот, ненаситникот. Зошто да плачеме за умрените, на кои веќе не можеме да им бидеме од никаква корист? Да плачеме за оние што сè уште можат да се променат.

Но, во исто време, додека ние плачеме, тие, можеби, се смеат? И тоа е за плачење, тоа што тие се смеат над она пред што би требало да се смират. Ако нив колку-толку ги трогне нашето липање, тогаш треба да престанеме да липаме, надевајќи се дека ќе се поправат. Но бидејќи тие остануваат бесчувствителни, и ние да продолжиме да плачеме, не просто за богатите, туку за среброљубците, лихварите и крадците. Богатството не е зло: тоа може да се употреби и за полезни работи, ако, на пример, го трошиме на потребитите.[18] А зло е – љубовта кон стекнување. Таа подготвува бескрајни казни.

И така, да заплачеме. Можеби од тоа и ќе биде некакво исправање. Ако паднатите во тој грев и не се ослободат од него, тогаш, можеби, другите нема да му подлегнат на тоа зло, туку ќе се пазат од него. Но, дај Боже и тие да се ослободат од таа болест, и никој од нас да не ѝ подлегне, па сите да се удостоиме за ветените блага, по благодатта и човекољубието

---

18 *потребити* – луѓе кои имаат реална потреба од каква било помош, пред сè, од храна, место за престој и спиење, други средства за живот итн.

на нашиот Господ Исус Христос, Кому слава во вековите на вековите. Амин.

## *Како да се бориме со суетата*

*(Од 29. беседа на Евангелието од Јован)*

Причина на сите зла е – суетата. Таа ги довела учениците на Јован[19] до зависта. Таа и повторно им ја разгорела зависта, откако тие малку се смириле. Затоа тие, доаѓајќи кај Исуса, Му велат: *Зошто ние и фарисеите постиме многу, а Твоите ученици не постат* (Мат. 9:14)?

Да бегаме, возљубени, од таа страст. А ако ја одбегнуваме, ќе се избавиме од геената. Таа најсилно го разгорува огнот, таа насекаде ја простира својата власт и тирански владее со секоја возраст и секое звање, таа срушила цели цркви, таа им штети на граѓанските работи, таа разорува цели домови, градови, народи, племиња. И што се чудиш на тоа? Таа проникнува и во пустињите и таму покажува голема сила.[20] Често и оние кои оставале

19 *Учениците на Јован* – учениците на свети Јован Крстител. Пред Христос да се објави (да се покаже јавно) како Месија, т. е. Помазаник и Спасител на човечкиот род и целиот свет, духовна светлина во светот бил свети Јован, наречен и Претеча = Претходник, кој го објавувал скорото Христово доаѓање. Околу него со време се собрале и други луѓе и му станале ученици. Тие се држеле до строгиот подвиг на свети Јован, а кога виделе дека Христос од Сопствените ученици – апостолите не барал таква строгост, се збуниле и соблазниле.

20 *во пустињите* – се мисли на широко распространетата практика, што започнува во раната Црква од првите неколку векови, некои христијани и буквално да го напуштаат светот и да живеат осаменички

големи имоти и сите светски соблазни, со никого не општеле, завладеале со најсилните плотски желби, и тие, пленети од празната слава, губеле сѐ. Поради таа страст фарисејот,[21] иако многу се трудел, е поставен пониско од митарот,[22] кој воопшто не се трудел и направил многу гревови.

Не е тешко да се осудува оваа страст, мислењето на сите во однос на неа е согласно. А потребно е човек да се потруди, да најде начин како да ѝ одолее. А како да ѝ одолее? На славата да ѝ спротиставуваме слава. Како што го презираме земното богатство кога гледаме на богатството небесно и не го сметаме за нешто овој живот кога ќе помислиме на многу подобриот живот, така ќе можеме да ја презреме и славата на сегашниот свет кога ќе помислуваме на многу повисоката слава, вистинската слава. Овдешната слава е слава попуста и суетна, и има само име, но не и стварност, а славата небесна е слава вистинска, со која не се слават луѓе, туку ангели и архангели и самиот Господар на архангелите или, подобро кажано, со која заедно со Него се слават и луѓето. Ако погледот ти е свртен кон таа

---

живот, предадени на пост, молитва и други христијански подвизи. Таквите луѓе – отшелници, отсекогаш биле многу почитувани во Црквата како луѓе со висок духовен раст. Зборовите на свети Јован укажуваат на тоа дека суетата претставува голема опасност дури и за тие ревносни и искусни луѓе.

21 *фарисеј* – учен Евреин, добро запознаен со правилата (специјално надворешните) на верското учење на јудејството и често особено ревносен практикант на истите тие правила.

22 *митар* – собирач на данок (во Палестина) од времето на Римската империја. Митарите биле познати по нивната нечесност. Имено, Римската држава го давала под закуп собирањето на данок на поединци, а потоа тие си ги враќале парите директно од народот, при што најчесто собирале многу повеќе отколку што имале платено.

глетка, ако ги осознаеш тамошните венци, ако се обратиш кон тоа прославување, тогаш земното никогаш нема да завладее со тебе – сегашното нема да го сметаш за нешто големо и нема да го сакаш минливото. И во царските палати ниеден царски оруженосец не би ја напуштил службата кај оној што носи дијадема[23] и седи на престолот за да го слуша гракањето на гавраните и зуењето на мувите и комарците. А пофалбите од луѓето не се ништо подобри од тоа.

Па така, знаејќи ја малечката вредност на човечките работи, сите да собираме во безбедните трезори и да ја бараме постојаната и неизменлива слава, за која и да се удостоиме сите ние, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого и со Кого на Отецот со Светиот Дух Му оддаваме слава, сега и секогаш, и во вековите на вековите. Амин.

## ***Како да се бориме со гневот***

*(Од 48. беседа на Евангелието од Јован)*

Да се научиме на попустливоста и кротоста на Спасителот: *поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце* (Мат. 11:29), – и да ја отфрлиме гневливоста. Стане ли некој против нас – ние да бидеме смирени. Постапува ли некој безобразно кон нас – ние да бидеме услужливи. Ни се потсмева

23 *дијадема* – царско обележје, царска круна.

ли некој и нè навредува – да не одговараме на ист начин, за да не се случи, одмаздувајќи се, да се погубиме.

Гневот е ѕвер, ѕвер жесток и лут. За да го скротиме, да ги потпевнуваме во себе стиховите од Божественото Писмо и да си велиме: *земја си* (Бит. 3:19), и: *Зошто се гордеат правот и пепелта?* (Мудр. Сир. 10:9), а исто така и: *движењето на гневот – паѓање е за човекот* (Мудр. Сир. 1:22).

Навистина, нема ништо полошо, нема ништо поизобличено од разгневено лице. А ако тоа важи за лицето, уште повеќе важи за душата. Како што кога го раскопуваат ѓубрето се шири смрдеа, така и кога душата ќе се раздразни од гневот се покажува голема грдотија.

Но, ќе речеш, не можам да ги поднесам навредите од непријателите. А зошто – кажи ми? Ако непријателот ја кажал вистината, тогаш ти самиот, уште пред него, си требал да се прекориш себе си, и треба да му заблагодариш за укажувањето. А ако излажал, не обрнувај внимание на тоа. Те нарекол беден – насмеј се на тоа. Те нарекол прост или глуп – пожали го, затоа што *оној што ќе рече ‘будала’, ќе биде виновен за во пеколот* (Мат. 5:22).

Значи, кога некој ќе почне да те навредува, ти помисли на казната на која тој подлежи – па не само што нема да се лутиш и гневиш, туку и ќе заплачеш за него. Никој не им се лути на тие што имаат температура или ги фатила треска, туку на сите им е жал за нив и плачат за нив. А разгневената душа е иста таква.

А и ако посакаш да се одмаздиш, премолчи – и со тоа на непријателот ќе му нанесеш смртоносен удар. А ако одговараш на навредата со навреда, ќе запалиш оган.

Но присутните, ќе речеш, ќе мислат дека си слабак ако само молчиш. Не, нема да мислат дека си слабак, туку ќе ти се восхитуваат на мурдоста. А ако, кога ќе те посрамат, се навредиш, преку тоа самиот себе ќе се срамиш, зашто ќе оставиш место да се мисли дека тоа што е кажано за тебе е вистина.

Зошто, кажи ми, богатиот се смее кога ќе го наречат сиромав? Нели зашто знае дека не е сиромашен? Така и ние, ако на навредливите зборови одговараме со смеење, ќе докажеме дека знаеме дека не е вистина тоа за што нè обвинуваат. Освен тоа, до кога ќе се плашиме од човечките мислења? До кога ќе го презираме нашиот заеднички Господар и ќе бидеме приврзани за телото? *Штом помеѓу вас има завист, кавга и неслога, не сте ли телесни* (1. Кор. 3:3)?

Да бидеме духовни и да го зауздуваме тој страшен ѕвер. Меѓу гневот и лудилото нема никаква разлика. И гневот е лудило, само привремено, или дури и полошо од лудилото. На лудиот сепак може да му се прости, додека оној што се гневи попаѓа во илјада маки, зашто доброволно се упатил во бездната на погибелта. Тој и пред идната геена, уште овде е казнет, зашто по цела ноќ и по цел ден во помислите на душата ја носи својата непрестајна побрканост и разбеснета бура.

Значи, да ја отфрлиме таа страст и да бидеме кротки и попустливи, за да се избавиме од казната во овој живот, како и од маките во идниот. Преку тоа ќе најдеме мир за нашите

души и овде и во царството небесно, за кое и да се удостоиме сите ние, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого и со Кого на Отецот со Светиот Дух Му оддаваме слава, сега и секогаш, и во вековите на вековите. Амин.

## *Зошто не бива да му сакаме зло на другиот*

*(Од 52. беседа на Евангелието од Јован)*

Никогаш да не им мислиме зло на другите, сеќавајќи се на тоа дека на тој начин само го остриме мечот што ќе се употреби против нас и си нанесуваме на себе голема штета. Но, тебе те навредил некој и сакаш да му се одмаздиш?

Не одмаздувај се. Само на тој начин ти навистина ќе бидеш во можност да се одмаздиш. А ако сам се одмаздуваш, тогаш нема да се одмаздиш. Немој да мислиш дека ова е само игра на зборови. Не, ова е вистина. А како тоа? Еве како: кога не се одмаздуваш самиот, тогаш оставаш Бог да му биде непријател на тој што те навредува; а кога самиот се одмаздуваш, тогаш тоа веќе го немаш. *Одмаздата е Моја. Јас ќе отплатувам – вели Господ* (Рим. 12:19). Ако имаме робови,[24] и ако тие се скараат меѓу себе, но не ни остават нам да ја разрешиме ситуацијата и да казниме кого треба, туку судот си го присвојат за себе, тогаш отпосле и илјада пати да дојдат кај нас, ние не само што нема да се одмаздуваме за нив, туку, напротив, уште и ќе се лутиме на нив и ќе ги нарекуваме неранимајковци и кавгаџии.

24 Во времето на светиот Златоуст ропството сè уште било реалност.

Сте требале сѐ, им велиме ние, да ни оставите нам. Ама кога ти самиот веќе си се одмаздил, немој да ми додеваш. Колку повеќе истово ќе го каже Бог, Кој заповедил сѐ да Му оставаме Нему. Па, и нели е срамота што ние од своите робови бараме таква мудрост и послушност, а на Господа не Му го оставаме тоа што го бараме од своите робови? Ова го говорам зашто вие сте склони кон тоа да си се одмаздувате еден на друг. Меѓутоа, тој што навистина се раководи од мудроста не треба да прави така, туку да простува и да ги остава гревовите, па макар и за тоа да не ја добие онаа голема награда – да му бидат отпуштени неговите гревови. Ако ти го осудуваш оној што згрешил, тогаш зошто, кажи ми, и самиот грешиш и паѓаш на истата работа? Те навредил ли некој? Не навредувај го и ти него, инаку самиот се навредуваш. Те удрил ли некој? Не му возвраќај исто, инаку меѓу вас нема да има разлика. Те понижил ли некој? Не понижувај го и ти него, зашто од тоа нема никаква корист, а освен тоа ти пак ќе бидеш ист како него. Само тогаш кога ќе ја поднесеш навредата спокојно и со кротост ќе можеш да го вразумиш тој што те навредил, само така ќе го посрамиш и ќе го скротиш неговиот гнев. Никој злото не го лечи со зло, туку со добро. Вака размислуваат и некои од незнабошците.[25] А ако таква мудрост може да се најде кај нелогичните незнабошци, тогаш нам треба да ни е срам да бидеме полоши од нив. Многумина од нив биле навредени и ги поднеле навредите. Многумина биле наклеветени и не се одмаздувале. Се исправале пред налетите и одговарале со добро. И јас се плашам дека некои од нив покажале дека се над нас според животот и дека преку тоа ја зголемиле нашата казна. Навистина, ако ние, кои Го добивме

25 *незнабошци* или *пагани* – пошироко сфатено: сите оние што не знаат за или не поверувале во вистинскиот и единствен Бог на христијаните.

Духот, го очекуваме Царството, мудруваме за небесните работи, не се плашиме од геената, имаме заповед да бидеме ангели, се ползуваме со Тајните – ако ние не стигнеме дури ни до нивната добродетел, тогаш со што ќе се оправдаме? Ако ние треба да ги надминуваме јудејците, зашто е речено: *ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите,*[26] *вие нема да влезете во царството небесно* (Мат. 5:20), тогаш колку повеќе треба да ги надминуваме незнабошците (паганите).

Ако ние треба да ги надминуваме фарисеите, тогаш уште повеќе треба да ги надминуваме – неверните (паганите, а и атеистите). И ако е за нас затворено царството небесно и во тој случај кога по живот не ги надминуваме јудејците, тогаш како ќе се удостоиме да го достигнеме кога ќе се покаже дека сме полоши и од паганите (и атеистите)?

Да ја отстраниме од себе секоја раздразливост, секој гнев и секоја лутина. *Сè едно исто да ви пишувам, мене не ми здодевно, а за вас тоа е сигурност* (Филип. 3:1). И лекарите неколкупати го употребуваат истиот лек. Така и ние нема да престанеме да ве поттикнуваме на истото, на истото да ве потсетуваме, поучуваме, за истото да ве молиме. Имаме многу животни грижи, кои можат да направат да се заборавиме, па затоа ни е неопходно и постојано упатување. А ние со дела да докажеме дека не се собираме овде попусто и бесполезно, па преку тоа да се удостоиме и за идните блага, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого и

26 *праведноста на книжниците и фарисеите* – праведност на луѓе кои само формално се држат до побожноста, но не ги развиваат или развиле внатрешните, суштински доблести. Во Евангелието фарисејството Христос често го користи како синоним за – лицемерието.

со Кого на Отецот со Светиот Дух Му оддаваме слава, сега и секогаш, и во вековите на вековите. Амин.

## *Како се измиваат гревовите*

*(Од 7. беседа на Евангелието од Јован)*

Да почнеме... да се скрушуваме со срцето,[27] да ги оплакуваме своите гревови, како што ни заповедил Христос. Да почнеме да жалиме за своите престапи, внимателно да вратиме во сеќавањето сè на што сме се осмелиле во изминатото време, и сето тоа да се погрижиме целосно да го израмниме.

Бог ни открил многу патишта до таа цел. *Говори*, вели Господ, *за да се оправдаш* (Иса. 43:26). И на друго место: *јас го открив пред Тебе гревот мој и не го сокрив беззаконието свое,*

27 *скрушување на срцето* – со „срце" во православната духовност не се означува телесниот орган што ја пумпа крвта, туку соодветниот орган на т. н. „внатрешен човек" (како што велат Отците – во човекот, покрај надворешниот човек, постои и внатрешен човек, па според тоа, како што надворешниот човек има очи, уши, срце, така и внатрешниот човек има сопствени очи, уши, срце, итн.), кој орган е сфатен како центар на битието на човекот. За тој орган Христос вели: „однатре, од срцето човеково, излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блудства, убиства, кражби, лакомства, злоби, лукавства, разврат, око завидливо, богохулство, гордост, безумство. Сето тоа зло одвнатре излегува и го осквернува човекот" (Марко 7:21-23). *Скрушувањето на срцето* се однесува на срцето од внатрешниот човек и се состои од отсекување на злите и излишни желби и истовремено воспитување и култивирање на добрите желби, согласни со Бога и со оригиналната природа на човекот, т. е. неговата природа пред падот во грев.

*па реков: ‘Ќе ги исповедам на Господа моите престапи’, и Ти ми го прости гревот мој* (Псал. 31:5).

Така, честото сеќавање на гревовите и обвинувањето на себе си за нив многу помага во намалувањето на нивната големина.

Има и друг пат, уште посигурен, кога не го паметиме злото на никого кој ни згрешил, кога секому му го простуваме лошото што ни го направил.

Сакаш ли да го дознаеш и третиот пат? Слушни што вели Даниил: *откупи ги гревовите свои со правда, и беззаконијата твои – со милосрдие спрема бедните* (Дан. 4:24).

Освен тоа, постои и овој пат – често вежбање во молитвите, постојано вложување труд во молењата кон Бога.

Не малку утеха и оставање на гревовите ни донесува, исто така, и постот, кога тој се соединува со љубовта кон ближните. Тој ја згаснува и силата на гневот Божји. *Водата гасне оган што гори, а милостињата чисти од гревови* (Мудр. Сир. 3:30).

Значи, да одиме по сите овие патишта. Ако секогаш остануваме на нив и секогаш им обрнуваме внимание, не само што ќе ги исчистиме изминатите престапи, туку и во иднина ќе имаме голема полза за себе – да не му дадеме на ѓаволот можност да нè напаѓа, за и самите да не паднеме во негрижата на живеењето,[28] во таа погубна љубопитност. Ѓаволот, меѓу

28 *негрижата на живеењето* – во современата литература на едно место оваа негрижа е дефинирана и како „неподнослива лесното на постоењето” (Милан Кундера), и таа се состои од просто поминување на деновите без свест за задачата и целта на животот и, воопшто, постоењето, како и без критериум за внатрешните пориви во

другото, и до тоа нè доведува, а потоа и до оние бесмислени посакувања и штетни расправи, штом ќе забележи дека луѓето се предаваат на мрзата и неработењето, дека воопшто не им е грижа за добродетелниот живот. Но ние да му го затвориме тој пат, да бидеме енергични, да се освестуваме, па за кратко време исполнето со неголеми напори да стигнеме до бесконечните векови на бесмртните блага, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого и со Кого на Отецот со Светиот Дух Му оддаваме слава во вековите на вековите. Амин.

## *Во што се состои жртвата на христијанинот*

*(Од 74. беседа на Евангелието од Јован)*

Да Го следиме Христос и да го земеме крстот. Ако сега и нема прогони,[29] сега е време за смрт од друг вид. *Умртвете ги*, речено е, *своите земни членови* (Кол. 3:5).

---

човекот, дали се тие добри или лоши, полезни или штетни, природни или неприродни, сопствени или туѓи, итн. Со други зборови, просто трошење на времето на животот. Светителот ваквиот живот го поистоветува со голата љубопитност, која се задоволува со голиот опит, искуство (пробување на нештата), и истите не ги претвора во заклучоци, односно не се поучува од искуствата, што човекот го води на погрешни патеки и, на крајот од краиштата, е погубно.

29 Свети Јован Златоуст живее во времето кога Римската империја ги има прекинато прогоните на христијаните и го има признаено и прифатено христијанството. Прогоните на христијаните започнале уште во I век по Христа и траеле, со различен интензитет, сè до познатиот *Милански едикт* од 313 г. по Хр.

Тоа значи, да го изгаснеме посакувањето, да го умртвиме гневот, да ја истребиме зависта.

Тоа е – жива жртва. Таа жртва не завршува во пепел, не се развејува заедно со чадот, не ѝ требаат ниту дрва, ниту оган, ниту нож.[30] За неа оган и нож е – Духот Свет. Употреби го тој нож, отсечи од срцето сè што е излишно и туѓо,[31] отвори

30 Светителот прави споредба со крвните жртви – добиток, птици и сл., кои се колеле, а потоа палеле на жртвеникот, при што, се разбира, жртвата умирала. Живата жртва е самиот човек кој, откако ќе го изврши жртвувањето, повторно останува жив, бидејќи жртвата не е материјална, телесна, т. е. не се бараат неговото месо и коски, туку духовна, внатрешна, невидлива, т. е. жртва се неговите зли желби, мисли, зборови, постапки. Ваквата жртва, по последната крвна жртва – која е Самиот Христос – е единствената вистинска жртва на христијанинот. Од таа причина, жртвувањето на животни денеска во вид на т. н. „курбан" е погрешно од неколку аспекти: 1) **крвната жртва по Христа е укината**, 2) **лудост е пред Бога**, затоа што, како што Самиот Бог многу пати им соопштува на луѓето и тоа уште во Стариот Завет, Нему не Му се потребни месата и димот од закланите животни, зашто Бог е духовно Битие, 3) **израз е на неискреноста на човекот пред Бога**, што го активира гневот Божји кон човекот, зашто во тој случај човекот постапува како Каин – на Бога Му го принесува полошото: наместо она што Бог го бара како жртва – работа на себе си, отсекување и отфрлање на злите желби и страстите, односно наместо својата „крв" и својот живот, Му се „подметнува" некое животинче и неговата крв и неговиот живот. Навистина лукав створ е оној што сака другиот да го жртвува наместо себе си.

31 *излишно и туѓо* – во срцето на човекот (внатрешното срце на внатрешниот човек) навистина има многу излишни, непотребни нешта, кои само го збркуваат и го измачуваат човекот. А има и нешта кои не се сопствени на човекот, не се природни за него – таквите нешта светителот ги нарекува "туѓи". Тие нешта – злите желби, помисли, страсти – се сопственост на ѓаволот и тој е оној што злото го сугерира и вметнува во срцето на човекот. Сепак, човекот не може

го затворениот слух. Страстите и злите желби обично му го затвораат влезот на зборот (словото). Така, на пример, засилената привrзаност кон богатството не дозволува да се слушне словото за милостињата; зависта, кога ќе се појави, му го попречува патот на учењето за љубовта; па и секоја друга страст, кога ќе навлезе во душата, ја прави душата крајно неработлива (неодговорна) кон сè. Да ги истребиме злите желби. Ете, треба само да се посака, и сè ќе исчезне.[32] Да не мислиме дека, божем, љубовта кон богатството самата по себе е силна: сета нејзина сила е во нашата негрижа. Има многу луѓе кои, велат, не ни знаат што е тоа сребро,[33] зашто љубовта кон богатството е – неприродна страст. Природните состојби се вложени во нас од самиот почеток; а за златото и среброто долго време дури не се ни знаело дали воопшто постојат. Од што се засилила таа страст? Од суетата и крајната негрижа. Од желбите едни се неопходни, други природни, а други ни едно, ни друго. Па така, сите оние желби кои кога нема да се задоволат доведуваат до смрт на живото битие се природни и неопходни, како, на пример, – желбата за храна, вода и сон. Телесната желба[34] е природна, но не и неопходна, што се гледа од тоа што многу-

да го обвинува само ѓаволот за тоа, зашто тој предлага, сугерира, а и намамува и мами, но човекот е тој кој предложеното и сугерираното го засакува или замразува, го прифаќа или отфрла.

32 Со овие зборови се укажува дека – **не е вистина дека човекот нема сили да му каже не на злото**. Како што гледаме, доволно е тој само да посака „и сè ќе исчезне”.

33 Веројатно се мисли на многуте народи кои во времето на свети Јован Златоуст живееле на степен на племенски заедници, т. е. на „нецивилизираните народи”.

34 *телесна желба* – желбата или нагонот за полово општење (сексуалноста на човекот).

мина ја надминале,[35] а сепак не погинале. А желбата за богатство не е ни природна, ни неопходна, туку излишна: ако посакаме, нема да ѝ се покориме. Па и Христос, беседејќи за девството, рекол: *Кој може да прими, нека прими* (Мат. 19:12), а за богатството не рекол така – туку како? *Кој не се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик* (Лука 14:33). Кога е нешто лесно, тогаш нè убедува, а кога нешто ги надминува силите на многумина, тогаш тоа го остава на волјата на секого. Според тоа, зошто самите се лишуваме од сите оправдувања? Оној што е заробен од некоја особено силна страст, тој нема да добие толку голема казна; а оној што е уловен од некоја слаба страст, тој ќе се лиши од секое оправдување. И навистина, што ќе одговориме, кога ќе каже: *гладен бев и не Ми дадовте да јадам* (Мат. 25:42)? Какво оправдување ќе имаме? Ќе се пожалиме на сиромаштијата ли? Ама ние не сме посиромашни од онаа вдовица која, оставајќи две лепти (два денара, на пр.), ги надминала сите.[36] Бог од нас не бара значителен дар, туку мера на срдечно расположение;[37] а тоа е – знак на Неговата

---

35 *оние што ја надминале природната телесна желба* – монасите и сите оние кои од љубов кон Бога до крајот на животот ја сочувале девственоста.

36 „Седна Исус спроти ризницата и гледаше како народот пушта пари во неа. Мнозина богати пуштаа многу. И кога дојде една бедна вдовица, пушти две лепти, што изнесува еден кодрант. А Исус, откако ги повика учениците Свои, им рече: ‘Вистина ви велам дека оваа сиромашна вдовица даде повеќе од сите, што пуштија во ризницата; зашто сите пуштија од својот вишок, а таа од својата сиромаштија даде сè што имаше, целиот свој имот’" (Марко 12:41-44).

37 Не е важно дали човек има многу пари и имот за да даде многу, туку дали човекот е така предрасположен со срцето да помага и да дава.

промисла. Да се восхитуваме на Неговото човекољубие и да принесуваме што можеме, па и во овој, а и во идниот живот, откако ќе се исползуваме со Неговото големо човекољубие, да можеме да се насладиме со ветените блага, по благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, Кому слава во вековите на вековите. Амин.

## *Секој грев се исчистува со милостиња*

*(Од 25. беседа на Дела апостолски)*

Нема грев, кој не би можела да го исчисти, кој не би можела да го истреби милостињата. Секој грев е понизок од неа, таа е лек погоден за секоја рана. Што е полошо од митарот? Тој е способен за секоја нечесност. Но и таа секоја нечесност Закхеј ја исчистил[38] (в. Лука 19:8-9). Забележи како и Христос го сугерира истото со тоа што одредил да се има ковчеже и во него да се носат прилозите[39] (в. Јован 12:6). И Павле вели: *да ги помниме сиромасите* (Гал. 2:10). И насекаде во Писмата многу се говори за тој предмет. Така, се вели: *Со богатството човек го искупува животот свој* (Изрек. 13:8). И Христос: *Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото; па дојди и врви по Мене* (Мат. 19:21). Во тоа, навистина, се содржи совршенството.

38 *секоја нечесност* или *сета нечесност* – симбол за многугрешноста, која е поврзувана со животот на митарите, бидејќи и богатството им било плод на грабање, и истото го трошеле на своите страсти и пороци, со што само ја зголемувале својата нечесност.

39 т. е. да се држат пари за да им се помага на сиромашните.

Милостињата, пак, не се извршува само со пари, туку и со дела. Така, на пример, може човек да се завземе за некого, да подаде рака за помош. Често завземањето на дело за некого помагало дури и повеќе од парите.

И така, да ги ставиме во дејство во нашиот случај сите видови на милостиња. Можеш со пари? Не одложувај. Можеш со завземање? Не вели дека немаш пари, ништо затоа; и самото тоа да бидеш така расположен како да даваш пари значи многу. Можеш со услуга? Направи го и тоа. На пример: лекар си по занимање? Погрижи се за болните, и тоа многу значи. Можеш со совет? Тоа е – најважно од сè. Советот е толку подобар и повисок од сè, колку што е пополезен: со него ти го извлекуваш човекот не од глад, туку од лутата смрт. Со него и апостолите биле особено богати, па затоа разделувањето на парите тие им го довериле на помалечките, а самите тие се грижеле за служењето на словото (в. Дела 4:1-4). Или да не мислиш дека нема да биде голема милостиња ако некоја душа, која попаднала во крајна душевна зачмаеност (униние), се наоѓа во крајна опасност, во која не згаснува пламенот на страста, можеш да ја ослободиш од таа болест? На пример, гледаш некој пријател обземен од страсната приврзаност кон парите (среброљубие)? Укажи му милост на тој човек. Човекот сака да се удави? Изгасни го неговиот пламен. А што ако не те послуша? Ти работи си го своето и не биди мрзелив. Го гледаш врзан (ете, и среброљубието е навистина – оков)? Појди кај него, посети го, утеши го, потруди се да го ослободиш од оковите. Ако тој не се согласи, самиот ќе биде виновен. Гледаш човек необлечен или туѓинец (и навистина е човек необлечен и туѓинец за небесата оној што не се грижи за добродетелниот живот)? Земи го кај

тебе дома, облечи го во облеката на добродетелта, направи од него жител на небото. А што, ќе речеш, ако сум јас и самиот необлечен? Тогаш облечи се најпрвин себе си. Зашто, ако знаеш дека си необлечен, сигурно знаеш и дека треба да се облечеш. Ако ги знаеш карактеристиките на таа голотија, тогаш лесно можеш да осознаеш и каква облека е потребна за да се покрие таквата голотија. Колку многу жени носат свилени облеки, а се вистински голи во поглед на облеката од добродетелите! Таквите мажите попусто ги облекуваат. Но, ќе речеш, тие не ја прифаќаат облеката од добродетелите, туку ја сакаат онаа друга облека? Тогаш првин постапи вака: разбуди ја кај нив желбата по облеката на добродетелите, покажи им дека се голи, зборувај за идниот суд, речи им дека таму ќе им биде неопходна друга облека, а не свилената.